# ТРЕНКОВСКИ САКАШЕ ДА НАПРАВИ РЕВИЗИЈА НА БОДОТ, ПОРАДИ РОДНИНСКИТЕ ВРСКИ СО БОЦЕВСКИ!

**Повод: Реакцијата на лекарите концесионери од училишна медицина - ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ПРИВАТНИ ЛЕКАРИ БЕШЕ ПРВИОТ ПРОТИВНИК НА РЕВИЗИЈАТА НА БОДОТ, Фокус бр.802 од 12 ноември 2010**


Реакција на реакција

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ПРИВАТНИ ЛЕКАРИ БЕШЕ ПРВИОТ ПРОТИВНИК НА РЕВИЗИЈАТА НА БОДОТ!

Реакција од Др. Лилија Чолакова Дервишова: Докторите треба да ги решаваат проблемите во рамките на Здружението на лекари, а не на штета еден на друг!, Фокус бр. 801 од 5 ноември 2010 година

И покрај мојот став, дека вакви- от начин на комуникација не е ниво на кој докторската фела треба да ги решава своите проблеми, бидејќи постои Лекарска комора, Здружение на приватни лекари и слично, како официјални асоцијации каде докторите ги градат своите ставови, сепак се чувствувам лично прозван, јавно да дадам појаснување за изнесените невистини.

Можам да констатирам дека се расфрлате со бројки и суми од повеќе илјада евра, кои воопшто не се точни. Имено, вистина е дека просечниот износ на бруто приход по лекарски тим изнесува 82.000,00 денари. Компарирате два типа на лекари, со најмал и со најголем број на пациенти, но, заборавате дека капитациониот модел на плаќање е воведен баш поради потребата да не се направи разлика помеѓу докторите во висината на заработувачката во однос на бројот на запишани пациенти и обемот на извршената работа. Еднакви примања постоеја во социјализмот и тоа одамна заврши!

Втората невистина е дека постоела работна група за ревизија на коефициенти по старосни групи, составена од претставници на Министерството за здравство, ФЗОМ и Лекарската комора. Вистината е дека постоеше само работна група во Комората, која ја разгледуваше можноста за промена на коефициенти по старосни групи, и секојпат кога се дискутираше на оваа тема се појавуваше конфликт помеѓу специјалистите по школска медицина и педијатрија, за тоа чиј бод треба да биде поголем. Ова водеше кон сигурна кавга помеѓу докторите и поради тоа не ја поддржував идејата за ревизија на коефициентите!

Вистина е дека поранешниот директор на ФЗОМ, господинот **Тренковски**, постојано вршеше притисок да се направи ревизија на коефициентите, но, тоа го правеше поради лични причини, бидејќи е во роднински врски со г-динот **Ивица Боцевски**, чија мајка е специјалист по школска медицина, а и поради тоа што ревизијата на коефициенти беше дел од партиската програма за здравство на партијата ВМРО-ДПМНЕ!

Јас, како лекар, немам намера да реализирам барања по родбински притисоци, а најмалку да реализирам партиски програми, бидејќи не сум член на ниедна политичка партија. Моја задача е да ги штитам интересите на докторите, иако многу пати сум бил ставен во ситуација да носам одлуки за кои сум бил свесен дека некој ќе биде оштетен, но, секогаш настојував последиците да бидат што помали.

Г-динот Тренковски ја сакаше ревизијата на коефициенти и поради друг мотив. Имено, кога немате релевантни податоци за поделба по старосни структури и правите ,проста математика,, како што велите Вие, можно е да се намали вкупната маса на капитациони бодови, од што само Фондот можеше да има корист, а лекарите да бидат губитници!

Премолчувате една битна вистина, дека специјалистите по школска медицина ја препуштија обврската за систематски прегледи на ученици и дозволија да се формираат превентивни тимови, а тоа беше работа токму на овие матични лекари и требаше да биде дополнителен приход од Министерството за здравство, преку реализација на програми. Тоа е вистинската причина поради која овие почитувани колеги станаа жртви на приватизацијата, но, тоа го направија некои нивни колеги, специјалисти по школска медицина, кои сега сосема мирно ја обавуваат превентивата без грижа на совест за овие жртви!

И, за крај, ве потсетувам дека јас повеќе не ја извршувам функцијата на претседател на Здружението на приватни лекари на Македонија.

Со почит.
**Др Стоје СТОЈМАНОВСКИ,**
поранешен претседател на
Здружение на приватни лекари

## ИЗВИНУВАЊЕ

Во минатиот број на Фокус, објавивме реакција под наслов: **Кој го промовираше токму Зинго како иден сопственик на земјиштето во Зелениково?** Притоа, пропуштено е да се наведе името на авторот, **Андреј Најдов**, сопственик на АНИКО.

Инаку, Најдов реагираше на реакцијата од **Љубисав Иванов Зинго** под наслов: **Ако беше квалитетен материјалот во Зелениково, ние ќе земевме дозвола за експлоатација уште пред 25 години**, објавена во Фокус бр. 800 од 29 октомври 2010.

Се извинуваме за ненамерниот пропуст!

